Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а во врска со член 67 став 6 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2753/1 од 13.06.2024 година и Заклучокот арх.бр.02-2870/2 од 02.07.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 27-та седница одржана на 01.07.2024 година, го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-197
02.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## Решение
## за преземање мерка - опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, заради извршена повреда на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот програмски сервис во текот на една недела, односно во периодот од 3-ти до 9-ти јуни 2024 година, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена Дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-58 од 07.09.2023 г.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2753/1 од 13.06.2024 г. кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 67 став 6 од ЗАВМУ, радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела.

Агенцијата во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 13 јуни 2024 г., изврши вонреден програмски надзор (мониторинг), по службена должност на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван во текот на една недела, и тоа во периодот од 3-ти до 9-ти јуни 2024 г., при што беше констатирано прекршување на член 67 став 6 од ЗАВМУ, односно дека во наведениот период

радиодифузерот не спроведе најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за работа.

Имено, според програмскиот концепт за кој му е издадена Дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-58 од 07.09.2023 г., ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево се обврзал да биде телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат; програмскиот сервис да го емитува на албански и на македонски јазик; застапеноста на сопствената програма на неделно ниво да биде 10 часа; застапеноста на информации и на други содржини од значење за подрачјето каде што емитува програмскиот сервис во текот на неделата да биде - 12 часа, од кои: 6 часа програми со информативна функција; 2 часа програми со образовна функција и 4 часа програми со забавна функција.

Соодветно, а според Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, арх.бр.01-2265/1 од 03.05.2018 г., погоренаведените ставки се земаат за критериуми вреднувани процентуално, и тоа на следниов начин: 1) формат на сервисот - 45%; 2) јазикот на емитување на програмата - 25%; 3) застапеност на сопствена програма на неделно ниво - 5% и 4) застапеност на информации и на други содржини од значење за подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис - 25%.

Согласно член 7 Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија", бр.172/2014), во телевизискиот програмски сервис од општ формат во кој застапените видов програми претежно исполнуваат една од трите медиумски функции, функцијата што претежно се исполнува не смее да биде застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65%. Останатиот дел од програмата го сочинуваат програми што ги исполнуваат другите две медиумски функции, при што ниту една од овие две функции не смее да биде застапена со помалку од 5% во вкупната емитувана програма во текот на една седмица.

Оттука според истиот член од Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија", бр.172/2014), сервисот со претежно забавен општ формат, оној на кој фактички се обврзал ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, треба да се спроведува така што – емитувањето програми со забавна функција треба да се движи во опсегот – минимум 50% - максимум 65% - од вкупно емитуваната, функционално класифицирана програма за една седмица. Увидот во структурата на еднонеделниот програмскиот концепт, покажува дека ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево предвидело емитување вкупно – 86 часа и 22 минути (64,23%) - програми со забавна функција, уредувачки распоредени по следниве видови програма: 1 час и 45 минути – програми со хороскоп / тарот / јасновидци / толкување соништа; 3 часа – спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини); 62 часа и 46 минути - играна програма (ТВ / кинематографски / анимирани – филмови; серии / серијали / театарски претстави / хумор, итн.); 18 часа и 7 минути – музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали / танци / балет / опера и слично, музички спотови) и 44 минути – игри (натпревари со ниска / висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри). Во анализираната недела од 3-ти до 9-ти јуни 2024 г., од потенцијалните 168 часа телевизиска програма за една седмица, ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не емитувал ништо од наведеното, односно 89 часа 42 минути и 38 секунди - воопшто не емитувал програма, а 78 часа 17 минути и 22 секунди емитувал периодично исклучиво музички спотови, што е спротивно на членот 67 став 6 од ЗАВМУ.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2753/1 од 13.06.2024 г. кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 14.06.2024 г., испрати Допис арх.бр.10-2753/2 од 14.06.2024 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2753/1 од 13.06.2024 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Исто така, дописот на 17.06.2024 г., е доставен и во електронска форма на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во ЦРРСМ и во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 17.06.2024 година. Во предвидениот рок, ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 01.07.2024 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 67 став 6 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2753/1 од 13.06.2024 г. и Заклучокот арх.бр.02-2870/2 од 02.07.2024 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 01.07.2024 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2753/1 од 13.06.2024 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

-ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
-Управителот на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 13.06.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2753/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23) се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по службена должност;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
3. **Период опфатен со надзорот:** од 3 до 9 јуни 2024 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 јуни 2024 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Во текот на една недела, радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата*);
   - **Упатство за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт** (*Бр. 01-2265/1 од 03.05.2018 г.*).
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на локално ниво, во периодот од 3 до 9 јуни 2024 година – **констатирано е прекршување на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.** Во периодот од 3 до 9 јуни 2024 година, радиодифузерот не спроведе најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за работа.

Еднонеделната анализа на програмскиот сервис, спроведена по низа контролни програмски и административни надзори, најнапред покажа дека од потенцијалните 168 часа ТВ-програма за една седмица, ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево во периодот од 3 до 9 јуни 2024 година:

- 89 часа 42 минути и 38 секунди - **воопшто не емитуваше програма**; а
- 78 часа 17 минути и 22 секунди - **емитуваше исклучиво музички спотови**.

Односно - фактички е беспредметно да се прави проценка за спроведувањето на програмскиот концепт за кој радиодифузерот добил дозвола за работење, оти воопшто не покажува никаков функционален програмски новинарски ангажман, а последователно - ни каква било уредувачка контрола врз програмскиот сервис. Истата ситуација е потврдена и

со наодите од споменатите административни и програмски надзори спроведени во текот на мај 2024 година.

Инаку, според увидот во постојната документација:

1. Структурата на еднонеделниот програмски концепт, по кој ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево добило дозвола за работа, покажува дека радиодифузерот се обврзал:
   - *да биде **сервис со претежно забавен општ формат**;*
   - *програмскиот сервис да го емитува на албански и на македонски јазик;*
   - *застапеноста на сопствената програма на неделно ниво да биде 10 часа;*
   - *застапеноста на информации и на други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува програмскиот сервис во текот на неделата да биде - 12 часа, од кои:*
     - *6 часа програми со информативна функција;*
     - *2 часа програми со образовна функција,*
     - *4 часа програми со забавна функција.*

Соодветно, а според „*Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт*", горенаведените ставки се земаат за критериуми вреднувани процентуално, и тоа на следниов начин:

*1) формат на сервисот - 45%;*

*2) јазикот на емитување на програмата - 25%;*

*3) застапеност на сопствена програма на неделно ниво - 5%;*

*4) застапеност на информации и на други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува радио сервисот - 25%.*

2. Според членот 7 од „Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите (Службен весник бр. 172/2014)" - ***сервисот со претежно забавен општ формат***, оној на кој фактички се обврзало ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, треба да се спроведува така што – емитувањето *програми со забавна функција* треба да се движи во опсегот – минимум 50% - максимум 65% - од вкупно емитуваната, функционално класифицирана програма за една седмица.

Повторно, увидот во структурата на еднонеделниот програмскиот концепт, покажува дека ТРД ТВ ГУРРА предвидело емитување вкупно – ***86 часа и 22 минути (64,23%) - програми со забавна функција***, уредувачки распоредени по следниве видови програма:

- 1 час и 45 минути – ***програми со хороскоп / тарот / јасновидци / толкување соништа***;
- 3 часа – ***спортска програма***;

- 62 часа и 46 минути - ***играна програма*** (ТВ / кинематографски / анимирани – филмови; серии / серијали / театарски претстави / хумор, итн.);
- 18 часа и 7 минути – ***музичка програма*** (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали / танци / балет / опера и слично, музички спотови);
- 44 минути – ***игри*** (натпревари со ниска / висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри).

Во анализираната недела од 3 до 9 јуни – ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не емитуваше ништо од наведеното, освен периодично - музички спотови.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во неделата од 3 до 9 јуни 2024 година, програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за телевизиско емитување.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година), да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***